# ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Финансиски извештаи**

**и Извештај на независниот ревизор за годината што завршува на 31 декември 2019**

**СОДРЖИНА:**


| | **Страна** |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 - 2 |
| Биланс на состојба или извештај за нето имотот на инвестицискиот фонд | 3 |
| Биланс на успех или извештај за добивката или загубата на фондот | 4 |
| Извештај за промени на нето – имотот | 5 |
| Извештај за паричните текови | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7 – 23 |
| Прилози | |

Ул. 11, Октомври 24-1/4,
1000, Скопје
Жиро сметка: 530010401789938
Даночен број: MK5080015505003
Депонент: Охридска банка АД, Скопје

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 3 - 23) на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (во понатамошниот текст "Фондот"), кои се состојат од биланс на состојба или извештај за нето имотот на инвестицискиот фонд на ден 31 декември 2019 година и биланс на успех или извештај за добивката или загубата на фондот, извештај за промени на нето – имотот и извештај за паричните текови за годината што завршува на 31 декември 2019 година, и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото за управување со Фондот – ИЛИРИКА ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје (во понатамошниот текст „Раководството") е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Комисијата за хартии од вредност и сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Фондот со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Фондот. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ НА ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (продолжение)**

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи на ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ИЛИРИКА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА за годината што завршува на 31 декември 2019 година, се подготвени во сите материјални аспекти, во согласност со регулативата на Комисијата за хартии од вредност и сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

*Останато*

Ревизијата на финансиските извештаи на Фондот за годината што завршува на 31 декември 2018 година беше извршена од страна на друг ревизор, кој во својот извештај од 30 март 2019 година изразил мислење без резерва.

ТП Ранѓеловиќ, Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Управител

ТП за сметководствени, книговодствени, даночно советување и ревизорски работи, РАНЃЕЛОВИЌ Ненад Слободан Ранѓеловиќ, СКОПЈЕ

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Скопје
18 март 2019 година

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД**
**На ден 31 декември 2019**
**(Во денари)**

| | **Белешка** | **31 декември 2019** | **31 декември 2018** |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Финансиски средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 6 | 1,471,168 | 992,610 |
| *Вложувања во хартии од вредност и депозити* | | | - |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 7 | 80,204,450 | 57,884,355 |
| Вложувања кои се чуваат до доспевање | 8 | - | 4,379,839 |
| Вкупно вложувања во хартии од вредност и депозити | | 81,675,618 | 63,256,804 |
| **Останати средства** | | | |
| - - | | | |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 9 | - | 1,824 |
| | | - | 1,824 |
| **Вкупно средства** | | 81,675,618 | 63,258,628 |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| **Останати обврски** | | | |
| Обврски по основ на исплата на имателите на удели | | 4,600 | 1,750 |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | 10 | 430,013 | 187,547 |
| Обврски кон депозитарната банка | | 23,755 | 18,440 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | | 24,298 | 19,741 |
| **Вкупно обврски** | | 482,666 | 227,478 |
| **Нето имот на Фондот** | | 81,192,952 | 63,031,152 |
| Број на издадени удели | | 1,338,568.2999 | 1,175,204.7614 |
| Нето имот по удел | | 60.6566 | 53.6342 |
| Издадени удели на Фондот | | 177,642,654.0000 | 155,270,479.0000 |
| Повлечени удели на Фондот | | (73,521,812.28) | (62,041,214.28) |
| Добивка / (загуба) од тековниот период | | 7,270,223 | (1,320,550) |
| Задржана добивка / (загуба) од претходните периоди | | (30,198,113) | (28,877,563) |
| **Вкупно обврски спрема изворите на средства** | | 81,192,952 | 63,031,152 |
| **Вкупно обврски и нето имот на Фондот** | | 81,675,618 | 63,258,630 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

Овие финансиски извештаи се изготвени и прифатени од страна на Одборот на директори на ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД, Скопје на 25 февруари 2020 година.

Odобрено од:

Коста Костадиновски
Главен извршен директор:

## БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА НА ФОНДОТ
**За годината што завршува на 31 декември 2019**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од вложувања** | | | |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | 11 | 3,203,750 | 5,361,894 |
| Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на средства со фиксно доспевање | 12 | 48,334 | 3,484 |
| Позитивни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 13 | 274,872 | 35,286 |
| Приходи од дивиденди | | 2,698,987 | 1,542,636 |
| Останати приходи | | 308,716 | 294,272 |
| **Вкупно приходи од вложувања** | | 6,534,659 | 7,237,572 |
| **Расходи** | | | |
| Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | 11 | (216,309) | (342,567) |
| Негативни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 13 | (57,061) | (36,265) |
| Расходи од односите со друштвото за управување | 14 | (4,139,965) | (2,724,156) |
| Надоместок на депозитарната банка | 15 | (259,713) | (212,123) |
| Трансакциски трошоци | | (434,623) | (637,731) |
| Останати дозволени трошоци на Фондот | 16 | (633,437) | (520,670) |
| **Вкупно расходи** | | (5,741,108) | (4,473,512) |
| **Нето добивка / (загуба) од вложувања во хартии од вредност** | | 793,551 | 2,764,060 |
| **Нереализирани добивки / (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | | |
| Нереализирани добивки / (загуби) на вложувањата во финансиски инструменти | 17 | 6,530,923 | (4,122,359) |
| Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | | (54,251) | 37,749 |
| **Вкупно нереализирани добивки/ (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | 6,476,672 | (4,084,610) |
| **Нето зголемување / (намалување) на нето имотот од работењето на Фондот** | | 7,270,223 | (1,320,550) |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО – ИМОТОТ**
**За годината што завршува на 31 декември 2019**
**(Во денари)**

| | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|
| **Зголемување / (намалување) на нето-имотот од работењето на Фондот** | | |
| Нето добивка / (загуба) од вложувања во хартии од вредност | 793,550 | 2,764,059 |
| Вкупно нереализирани добивки / (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 6,476,672 | (4,084,609) |
| **Зголемување / (намалување) на нето-имотот од работењето на Фондот** | 7,270,223 | (1,320,550) |
| Приливи од продажба на издадени документи за удел / акции на Фондот | 22,372,175 | 31,147,155 |
| Одливи од повлекување на удели / акции на Фондот | (11,480,598) | (17,980,266) |
| **Вкупно зголемување / (намалување) од трансакции со акции / удели на Фондот** | 10,891,577 | 13,166,889 |
| **Вкупно зголемување / (намалување) на нето-имотот** | 18,161,800 | 11,846,339 |
| **Нето-имот** | | |
| На почетокот на периодот | 63,031,152 | 51,184,813 |
| На крајот на периодот | 81,192,951 | 63,031,152 |
| **Број на издадени / (повлечени) удели на Фондот** | | |
| Издадени удели / акции на Фондот во периодот | 2,819,820.1329 | 2,454,974.4633 |
| Повлечени удели / акции на Фондот во периодот | (1,481,251.8330) | (1,279,769.7019) |
| **Број на удели / акции на Фондот** | 1,338,568.2999 | 1,175,204.7614 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2019**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2019 | 31 декември 2018 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од редовно работење** | | | |
| Добивка или загуба | | 7,270,223 | (1,320,550) |
| **Усогласувања за:** | | | |
| Приходи од камата | | (48,334) | (3,484) |
| Расходи од камата | | | |
| Приходи од дивиденда | | (2,698,987) | (1,542,636) |
| **Намалување на финансискиот имот:** | | | |
| Зголемување / (намалување) на преносливи хартии од вредност | | (17,940,256) | (6,968,892) |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во инструменти на пазарот на пари | | - | (4,379,839) |
| Приливи од камата | | 48,334 | 3,484 |
| Приливи од дивиденда | | 2,698,987 | 1,542,636 |
| Зголемување (намалување) на останатиот имот | | 1,824 | 15,203 |
| Зголемување / (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитарната банка | | 247,782 | 44,601 |
| Зголемување / (намалување) на останатите обврски од редовно работење | | 7,409 | 3,738 |
| **Паричен тек од редовното работење** | | (10,413,019) | (12,605,739) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Приливи од издавање на удели | | 22,372,175 | 31,147,155 |
| Одливи од откуп на удели | | (11,480,598) | (17,980,266) |
| **Паричен тек од финансиски активности** | | 10,891,577 | 13,166,889 |
| **Нето зголемување / (намалување) на пари** | | 478,558 | 561,150 |
| Пари на почеток на периодот | | 992,610 | 431,460 |
| **Пари на крај на периодот** | | 1,471,168 | 992,610 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи